# Службен гласник

## на општина Валандово

Број 2 — 05 Февруари 2018 година, Понеделник

www.valandovo.gov.mk


**Совет на општина Валандово:**


1. **Решение** за објавување на Одлуката за дополнување на Правилникот за организационата поставеност на „ФОЛК-ФЕСТ“ Валандово ....................................................1
2. **Одлука** за дополнување на Правилникот за организационата поставеност на „ФОЛК- ФЕСТ“ Валандово ...........................1


---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 37 став 1 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за дополнување на Правилникот за организационата поставеност на „ФОЛК- ФЕСТ“ Валандово**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за дополнување на Правилникот за организационата поставеност на „ФОЛК- ФЕСТ“ Валандово, што Советот на Општина Валандово ја донесе на вонредната седница, одржана на ден 02.02.2018 година.

Бр.09-169/2 — Градоначалник
05.02.2018 год. — на Општина Валандово
Валандово — Перо Костадинов

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 5, член 36 став 1 точка 5 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 15 став 1 точка 5, член 21 став 1 точка 44 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на вонредната седница, одржана на ден 02 02.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Правилникот за организационата поставеност на „ФОЛК-ФЕСТ“ Валандово**

**Член 1**

Правилникот на Советот на Општина Валандово, за организационата поставеност на „ФОЛК-ФЕСТ“ Валандово бр.07-71/3 од 15.10.2014 година се дополнува со нов член 5-а кој гласи:

„Програмски совет на фестивалот“

Програмскиот совет на фестивалот се формира доколку по спроведена постапка со Јавен конкурс не бидат избрани Директори на фестивалот.

Програмскиот совет го формира Градоначалникот и брои од 3-5 члена.

Мандатот на Програмскиот совет трае до завршувањето на обврските кои ќе ги има на фестивалот кој се реализира.“

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со нејзиното објавување во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Бр.08-9/2 — Совет на Општина Валандово
02.02.2018 год. — Претседател
Валандово — Владимир Марков

---